**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕЈ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЗА ГРЕЕЊЕ, НАДОМЕСТОК ЗА СИСТЕМСКИ УСЛУГИ И СИСТЕМСКА РЕЗЕРВА И ТАРИФЕН СТАВ ЗА ПРОИЗВЕДЕНА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЗА 2016 ГОДИНА НА ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ СКОПЈЕ**

1. На друштвото за производство на топлинска енергија ПРОИЗВОДСТВО НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, се утврдува регулираниот максимален приход за вршење на регулираната дејност производство на топлинска енергија за 2016 година да изнесува 930.577.921 денари за произведена количина на топлинска енергија од 444.382.308 kWh.

2. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, и согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија („Сл.весник на РМ" бр.99/13, 113/14, 127/15 и 139/16), се утврдуваат месечниот надоместок за системски услуги и системска резерва и тарифниот став за производство на топлинска енергија на ниво на регулиран производител за 2016 година:

| РЕГУЛИРАН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА | Единица мерка | од 01.08.2016 година |
|---|---|---|
| Месечен надоместок за системски услуги и системска резерва | ден/месец | 14.925.965 |
| Тарифен став за произведена топлинска енергија на регулиран производител | ден/kWh | 1,6910 |

3. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 август 2016 година.

УП1 Бр.08-35/16
29 јули 2016 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

---

**3399.**

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22, точка 4 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ" бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15,192/15, 215/15, 6/16 и 53/16) и член 26 од Правилникот за цени на топлинска енергија и системски услуги („Службен весник на РМ" бр.28/13, 32/15 и 126/15 и 112/16), постапувајќи по Барањето за определување на максимален приход и цена за 2016 година на ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје бр.03-1803 од 31.5.2016 година, на седницата одржана на 29 јули 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА ЗА ГРЕЕЊЕ И ТАРИФНИ СТАВОВИ ЗА 2016 ГОДИНА НА ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ СКОПЈЕ**

1. На Друштвото за дистрибуција на топлинска енергија ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, се одобрува регулиран максимален приход за вршење на регулираната дејност дистрибуција на топлинска енергија за 2016 година во износ од 1.271.508.461 денари, за испорачана количина на топлинска енергија од 443.052.991 kWh.

2. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, трошокот за набавка на топлинска енергија и системски услуги од регулираниот производител на топлинска енергија изнесува 930.577.921 денари, за набавени 444.382.308 kWh на влез во дистрибутивната мрежа.

3. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, трошокот за набавка на топлинска енергија од нерегулиран производител на топлинска енергија изнесува 97.336.598 денари за набавени 59.087.000 kWh.

4. Во одобрениот регулиран максимален приход од точка 1 на оваа Одлука, регулираниот максимален приход за услугата дистрибуција на топлинска енергија изнесува 227.955.465 денари за дистрибуирана количина на топлинска енергија од 443.052.991 kWh до крајните потрошувачи.

5. Врз основа на одобрениот регулиран максимален приход од точка 1, на оваа Одлука, согласно Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија („Службен весник на РМ" бр. 99/13, 113/14, 127/15 и 139/16) се утврдуваат следните тарифни ставови за дистрибуција на топлинска енергија за 2016 година на ниво на дистрибутер:

| Д И С Т Р И Б У Ц И Ј А | Единица мерка | од 01.08.2016 година |
|---|---|---|
| Месечен надоместок за услуга дистрибуција на топлинска енергија | ден/месец | 15.208.829 |
| Тарифен став по кој дистрибутерот ја продава топлинската енергија на снабдувачот | ден/kWh | 2,0537 |

6. Жалбата изјавена против оваа Одлука не го одлага нејзиното извршување.

7. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 август 2016 година.

УП1 Бр.08-36/16
29 јули 2016 година
Скопје

Претседател,
**Димитар Петров,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**3400.**

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09, 97/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14 и 147/15), Министерството за труд и социјална политика

**О Б Ј А В У В А**

1. Стапката на трошоците на живот за месец јуни 2016 година, во однос на месец мај 2016 година, е на исто ниво.

2. Исплатата на платите за месец јуни 2016 година, во однос на месец мај 2016 година, работодавачите од членот 3 став 1 од Законот за исплата на платите во Република Македонија, ја вршат на нивото на правото утврдено за претходниот месец.

Министер,
**Диме Спасов,** с.р.